Бр. 03-400/14
29.07.2016
СКОПЈЕ

**Комора на проценувачи на Република Македонија**
**Ул.„Македонија" бр. 47/2, 1000 Скопје**
**Сметка бр. 300000003545580 Комерцијална банка**
**Даночен број: 4057013520328**
**Телефони: 072/251-407; 02 3151-477**
**e-mail: info@komoranaprocenuvaci.mk**
**web: www.komoranaprocenuvaci.mk**

Комисијата за ревизија на процена на недвижен имот формирана со решение број 03-403/1 од 02.06.2016 година од Комората на проценувачи на Република Македонија, разгледувајќи го барањето за ревизија доставено до Комората на проценувачи под број 03-400/1 од 01.06.2016год. од страна на доверител Перо Андов од Кавадарци со стан за живеење на ул. Шакалица бр.18 Кавадарци за Извештај за процена бр 230/1 од 06.05.2016, изготвен од овластениот проценувач МЕТОДА ПЛУС ДООЕЛ Кавадаци, на ден 29.07.2016 година, врз основа на член 40 став (1) од Законот за процена (Службен весник на РМ бр. 115/10, 158/11, 185/11, 64/12, 188/14, 104/15, 153/15, 192/15 и 30/16), го донесе следниот

## З А К Л У Ч О К

Барањето за ревизија на проценка, доставено од страна на доверител Перо Андов од Кавадарци со стан за живеење на ул. Шакалица бр.18 Кавадарци под бр. 03-400/1 од 01.06.2016година за извршена процена изработена од овластениот проценувач МЕТОДА ПЛУС ДООЕЛ Кавадаци, СЕ ОТФРЛА.

## Образложение

До Комората на проценувачи на Република Македонија барателот-доверител Перо Андов од Кавадарци со стан на живеење на ул. Шакалица бр.18 Кавадарци, поднесе барање за ревизија на извршена процена - Извештај за процена на вредност на недвижен имот под бр 230/1 од 06.05.2016 год која се однесува на процена на вредност на недвижен имот-куќа на КП бр 12609 КО Кавадарци 2 запишан во ИЛ бр.3813 Општина Кавадарци во сопственост на Надка Стојанова од Кавадарци. Во истото барање се изнесени наводи непочитување на законските одредби и процената била извршена спротивно на методологијата и стандардите за процена.

Комисијата по разгледувањето на приложената документација констатира врз основа на расположивите докази дека видно од датумот на доставницата издадена од Извршителот Ангел Костадиновки од Кавадарци, извештајот за процената е примен на 19.05.2016 година од страна на доверителот Перо Андов,а Барањето за ревизија е поднесено на 28.05.2016 година.

Од страна на Комисијата констатирано е дека законскиот рок од 8 (осум) дена од приемот на проценатa за поднесување барање за ревизија е поминат, односно рокот утврден во законските одредби не е испочитуван од подносителот на барањето и истото е ненавремено поднесено.

Согласно горенаведеното, Комисијата утврди дека предметното барање, барателот го доставил по истекот на законскиот рок во кој може да се поднесе барање за ревизија на процена.

Согласно член 40 став 6 од Законот за процена Комисијата за ревизија утврди дека трошоците за ревизија се на товар на подносителот на барањето

**Претседател на Комисија за ревизија**
**на процената на недвижен имот**
**Љупка Јанчевска**

---------------------------------